утрински Весник
Број 1929 понеделник, 16 октомври 2006





КУЛТУРА

### Последен збор . . .

# Тоде Ивановски

**1924-2005, ликовен уметник**

Во петокот во 81 година од животот во својот дом во Битола почина ликовениот уметник Тоде Ивановски. Беше и учесник во НОБ, а неговите цртежи во историските читанки беа и непосредно сведоштво за Февруарскиот поход и други акции на македонските партизани. Тоде Ивановски беше надарен цртач и сликар и по завршувањето на НОБ доби заслужено место во новото време, но подоцна, во годините на Информбирото откако сериозно им се замерил на тогашните власти беше ставен на маргините.
Цртежите и сликите на неговата вечна тема "НОБ и Револуцијата° беа изложени на многу самостојни и колективни изложби во цлеата поранешна СФРЈ и во странство. "Негови цртежи и денес се наоѓаат и се сметаат за уметничка вредност насекаде во светот, во најбуквалната смисла на зборот°, вели неговиот ученик и современик кој исто така важи за раритетен ликовен автор во Македонија, Стојан Апчевски. Изложбите на Тоде Ивановски станаа помалку актуелни по распадот на поранешната Југославија, па затоа тој по малку налутено велеше дека "НОБ и Револуцијата° се уапсени и затворени во моето ателје.
Тоде Ивановски беше исклучително почитуван и од печатените медиуми во целата поранешна Југославија, па негови цртежи на нему омилената тема беа објавувани во "Нова Македоија°, во "Вечер°, "Политика°, "Борба°, "Ослобоѓење° итн. И тој, пак, беше искрен и близок пријател на новинарите кои веројатно никогаш нема да му го заборават следниот поздрав - "Да ти е живо и остро перцето°.
Тоде Ивановски се родил во Неготино, но уште на двегодишна возраст со семејството е доселен во Битола. Во овој град ќе остане запаметен како дел од малубројната уметничка елита, но и како одличен спортист во младоста, фудбалер на некогашниот ФК Работник и како извонреден пејач-шансониер. (Г.К.)

Архива
Најнов број
Контакт
Редакција
Маркетинг
Претплата
Archive
Latest Edition
Contact
Editorial
Advertise
Subscription



Печатено Издание

Powered by nextsense webBuilder
nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner Кога ти треба ИНТЕРНЕТ
Македонска берза
TeleKabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
LIVING HERITAGE MACEDONIA WWW.ZIVONASLEDSTVO.ORG.MK
ИМАТЕ ГЛАВОБОЛКИ? ТАХИКАРДИЈА?
АЛКАЛОИД а.д.
an Times Ελληνική English Ma
граѓански СВЕТ во Македонија
Antenna5.FM